**20260871323**

## РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 54, став (1), точка 1. потточка 1.3, а во врска со член 61, став (1) точка 3. од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/25 и „135/25), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 23 април 2026 година, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА НАЈВИСОКИ МАЛОПРОДАЖНИ ЦЕНИ НА ОДДЕЛНИ НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ И ГОРИВА ЗА ТРАНСПОРТ

Член 1

Во Правилникот за формирање на највисоки малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горива за транспорт („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 108/20, 133/20, 49/22, 54/22, 64/22, 125/22, 218/25, 48/26 и 60/26), член 5 став (2) се менува и гласи:

„Одлуката од став (1) на овој член се донесува најдоцна до последниот понеделник во мај во тековната година за периодот од последниот понеделник во мај до последниот понеделник во ноември во тековната година и најдоцна до последниот понеделник во ноември во тековната година, за периодот од последниот понеделник во ноември во тековната година до последниот понеделник во мај во наредната година.“

Член 2

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

Бр.01-629/1
23 април 2026 година
Скопје

Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија
Претседател,
**Ацо Ристов,** с.р.